**ПРИЛОГ 8.Б:НАДОМЕСТОЦИ**

**Содржина**


**1. Надоместоци применливи за Услуги За Телефонски Интерконекциски Линк....... 2**
1.1 Надоместоци применливи за Услуга За Близок Телефонски Интерконекциски Линк, внатрешен дел .......... 2
1.1.1 Еднократни Надоместоци 2
1.1.2 Месечни Надоместоци 2
1.2 Надоместоци применливи за Услуга За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк 2
1.2.1 Еднократни Надоместоци 2
1.2.2 Месечни Надоместоци 3
**2. Надоместоци применливи на Интерконекција имплементирана со Физичка Колокација .......... 3**
2.1 Еднократни Надоместоци .......... 3
2.1.1 Еднократен Надомест За Прелиминарен Преглед На Колокација 3
2.1.2 Еднократен Надомест За Детален Преглед На Колокација 3
2.1.3 Еднократен Надомест За Рам За Опрема За Пренос 3
2.1.4 Еднократен Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација 4
2.1.5 Еднократен Надомест За Инсталирање На Колокација 4
2.2 Месечни Надоместоци .......... 4
2.2.1 Месечен Надомест За Изнајмување На Просторија 5
2.2.2 Месечен Надомест За Управување И Одржување 5
2.2.3 Надомест За Потрошувачка На Електрична Енергија 5
2.2.4 Месечен Надомест За Контрола На Влез/Безбедносен Систем 5
**3. Надомест За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција .......... 5**
3.1 Еднократни Надоместоци .......... 6
3.1.1 Еднократен Надомест За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција 6
**4. Надоместоци применливи за Основни Услуги За Сообраќај .......... 6**
4.1 Тарифа За Користење .......... 6
**5. Надоместоци применливи за Услугите За Поддршка .......... 6**
5.1 Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Национален Оператор .......... 6
5.2 Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Меѓународен Оператор .......... 7
5.3 Тарифа За Користење На Услуга За Пристап На Итен Повик .......... 7
5.4 Надомест За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации ...... 7
**6. Надоместоци применливи за пакет Дополнителни Услуги .......... 7**
6.1 Еднократни Надоместоци .......... 7
6.1.1 Еднократен Надомест За Пакет Дополнителни Услуги 7
6.2 Месечни Надоместоци .......... 7
6.2.1 Месечен Надомест За Пакетот Дополнителни Услуги 8
**7. Надоместоци применливи за Услугата За Поставување На Код За Избор на Оператор и Услуга За Поставување На Предизбран Оператор .......... 8**
7.1 Еднократни Надоместоци .......... 8
7.1.1 Еднократен Надомест За Инсталирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор 8
7.1.2 Еднократен Надомест За Тестирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор 8
7.1.3 Еднократен Надомест По Конекција За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор 8
7.1.4. Еднократен Надомест За Испитување На Нарачка За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор 8
7.2 Месечни Надоместоци .......... 8
7.2.1 Месечен Надомест За Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор 9

# 1. Надоместоци применливи за Услуги За Телефонски Интерконекциски Линк

## 1.1 Надоместоци применливи за Услуга За Близок Телефонски Интерконекциски Линк, внатрешен дел

### 1.1.1 Еднократни Надоместоци

#### 1.1.1.1 Еднократен Надомест За Инсталирање На Близок Телефонски Интерконекциски Линк

Еднократниот Надомест За Инсталирање На Близок Телефонски Интерконекциски Линк ги вклучува трошоците за инсталирање на 1 (еден) Близок Телефонски Интерконекциски Линк во рамките на Близок Телефонски Интерконекциски Вод вклучувајќи проценка на техничките можности и административните активности за големопродажба. Еднократниот Надомест За Инсталирање На Близок Телефонски Интерконекциски Линк не ги вклучува трошоците за инсталација на коло за поништување на ехо.

### 1.1.2 Месечни Надоместоци

#### 1.1.2.1 Месечен Надомест За Близок Телефонски Интерконекциски Линк

Месечниот Надомест За Близок Телефонски Интерконекциски Линк ги вклучува трошоците за набавка и инсталирање на опремата и потребните материјали, одржување, работење и активности за поддршка кои се потребни за 1 (еден) Близок Телефонски Интерконекциски Линк во рамките на Близок Телефонски Интерконекциски Вод. Месечниот Надомест За Инсталирање На Близок Телефонски Интерконекциски Линк не ги вклучува трошоците за набавка на коло за поништување на ехо.

| **1.1** | **Услуга За Близок Телефонски Интерконекциски Линк** | |
|---|---|---|
| **1.1.1** | **Еднократни Надоместоци** | **МКД** |
| 1.1.1.1 | Еднократен Надомест За Инсталирање На Близок Телефонски Интерконекциски Линк | 12.457 |
| **1.1.2** | **Месечни Надоместоци** | **МКД/месец** |
| 1.1.2.1 | Месечен Надомест За Близок Телефонски Интерконекциски Линк | 9.722 |

## 1.2 Надоместоци применливи за Услуга За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк

### 1.2.1 Еднократни Надоместоци

#### 1.2.1.1 Еднократен Надомест За Инсталирање На Далечен Телефонски Интерконекциски Линк

Еднократниот Надомест За Инсталирање На Далечен Телефонски Интерконекциски Линк ги вклучува трошоците за инсталирање 1 (еден) Далечен Телефонски Интерконекциски Линк во рамките на Далечен Телефонски Интерконекциски Вод до далечина од 5 (пет) километри во рамките на Основната Зона, вклучувајќи проценка на техничките можности и административните активности за големопродажба. Еднократниот Надомест За Инсталирање На Далечен Телефонски Интерконекциски Линк не ги вклучува трошоците за инсталирање на коло за поништување на ехо.

#### 1.2.1.2 Еднократен Надомест За Рам За Опрема За Пренос

Еднократниот Надомест За Рам За Опрема За Пренос ги вклучува трошоците на набавка на рамот за опрема за пренос по фактура од добавувачот кој е потребен за 1 (еден) Далечен Телефонски Интерконекциски Линк во рамките на Далечен Телефонски Интерконекциски Вод, како и трошоците за инсталирање на рамот за опрема за пренос.

### 1.2.2 Месечни Надоместоци

#### 1.2.2.1 Месечни Надоместоци За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк

Месечните Надоместоци За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк ги вклучуваат трошоците за набавка и инсталирање на опрема, оптички кабел, симетричен кабел, работење и одржување и активности за поддршка кои се потребни за еден (1) Далечен Телефонски Интерконекциски Линк во рамките на Далечен Телефонски Интерконекциски Вод. Месечниот Надомест За Инсталирање На Далечен Телефонски Интерконекциски Линк не ги вклучува трошоците за набавка на коло за поништување на ехо. Месечниот надомест за набавка и инсталирање на опрема ги вклучува трошоците за набавка и инсталирање на опрема, симетричен кабел, работење и одржување и активности за поддршка. Месечниот надомест за набавка на оптички кабел ги вклучува трошоците за набавка на оптички кабел во зависност од единици метри искористен оптички кабел за должина до 5 км по констатирани единици метри од влезната точка до точката на примопредавање и терминирање на оптичкиот разделник.

| | | |
|---|---|---|
| **1.2** | **Услуга За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк** | |
| **1.2.1** | **Еднократни Надоместоци** | **МКД** |
| 1.2.1.1 | Еднократен Надомест За Инсталирање На Далечен Телефонски Интерконекциски Линк | 12.457 |
| 1.2.1.2 | Еднократен Надомест За Рам За Опрема За Пренос | По фактура |
| **1.2.2** | **Месечни Надоместоци За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк (за должина до 5км)** | **МКД/месец** |
| 1.2.2 | Месечни Надоместоци | |
| 1.2.2.1 | - Месечен надомест за набавка и инсталирање на опрема и симетричен кабел, работење и одржување и активности за поддршка<br>- Месечен надомест за набавка на оптички кабел – единици метри искористен оптички кабел за должина до 5 км | 15.145<br>6,58 * Хм |

## 2. Надоместоци применливи на Интерконекција имплементирана со Физичка Колокација

### 2.1 Еднократни Надоместоци

#### 2.1.1 Еднократен Надомест За Прелиминарен Преглед На Колокација

Еднократниот Надомест За Прелиминарен Преглед На Колокација ги вклучува трошоците за извршување на прегледот кој се однесува на конструирање на Колокациската Единица На Страната Барател на Колокациското Место. При прегледот се утврдува дали Физичката Колокација е изводлива. Еднократниот Надомест За Прелиминарен Преглед На Колокација се наплаќа без оглед на резултатот од прегледот. За локации кои што се веќе прегледани надоместот нема да се наплаќа.

#### 2.1.2 Еднократен Надомест За Детален Преглед На Колокација

Еднократниот Надомест За Детален Преглед На Колокација ги вклучува трошоците за добивање на потребните дозволи за изградба на Колокациската Единица На Страната Барател на Колокациското Место и трошоците за извршувањето на прегледот (трошоци за спроведување на противпожарна заштита, заштита на услугата и други прегледи). Еднократниот Надомест За Детален Преглед На Колокација не ги вклучува трошоците за проценка на недвижнини која ја врши независен проценител прифатен од двете Страни. Трошоците за проценката која ја врши независен проценител се обврска на Страната Барател.

#### 2.1.3 Еднократен Надомест За Рам За Опрема За Пренос

Еднократниот Надомест За Рам За Опрема За Пренос ги вклучува трошоците за набавка на

рамот за опрема за пренос по фактура од добавувачот потребни за 1 (еден) Близок Телефонски Интерконекциски Линк во рамките на еден Близок Телефонски Интерконекциски Вод, како и трошоците за инсталирање на рам за опрема за пренос.

### 2.1.4 Еднократен Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација

Еднократниот Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација ги вклучува трошоците за влечење на оптички кабел од влезната точка до точката на примопредавање и терминирање на оптичкиот разделник (ODF) како и трошоците за клучот за влезната врата на Колокациската Просторија по фактура од добавувачот. Еднократниот Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација треба да биде платен од страна на секоја Страна Барател. Еднократниот Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација ќе се утврди со проценка од страна на независен проценител прифатен од двете страни за вредноста на вкупната инвестиција. Трошоците за вршење на проценката од страна на независниот проценител ги сноси Страната Барател.

Страните може да се договорат за плаќање на индивидуалниот надомест за инсталирање на колокација на комерцијална основа преку месечни надоместоци.

Страните кои веќе имаат склучено Договор за Интерконекција со Македонски Телеком АД имаат можност да изберат надоместот за инсталирање на колокација да го плаќаат преку месечни надоместоци утврдени на комерцијална основа или да го платат Еднократниот Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација намален за збирот на веќе платените месечни надоместоци корегирани за содржаниот просечен трошок на капиталот.

### 2.1.5 Еднократен Надомест За Инсталирање На Колокација

Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација ги вклучува инвестициските трошоци поврзани со конструирањето на Колокациската Просторија на Страната Барател и конструирањето на Колокациски Објект вклучувајќи напојување со електрична енергија, кабелски цевки и кабелски канали од галеријата до соседното окно на окното за влез на кабел директно поврзано на него; и по Колокациска Просторија до приемот на првото барање трошоците за инсталирање на климатизација. Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација се дефинира врз основа на следните категории:

**2.1.5.1** Колокациска Просторија веќе опремена со климатизација.

**2.1.5.2** Колокациска Просторија без климатизација.

Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација ќе се утврди со проценка од страна на независен проценител прифатен од двете страни за вредноста на вкупната инвестиција. Трошоците за вршење на проценка од страна на независен проценител ги сноси Страната Барател. Првата Страна Барател по Колокациска Просторија треба да се договори за поделба на Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација со наредните (по првиот по Колокациска Просторија) Страни баратели. Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација е во висина на инвестиционите трошоци по фактура плус трошоци за фактурирање.

Страните може да се договорат за плаќање на поединечен надомест за инсталирање на колокација на комерцијална основа преку месечни надоместоци.

Страните кои веќе имаат склучено Договор за Интерконекција со Македонски Телеком АД имаат можност да изберат надоместот за инсталирање на колокација да го плаќаат преку месечни надоместоци утврдени на комерцијална основа или да го платат Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација намален за збирот на веќе платените месечни надоместоци корегирани за содржаниот просечен трошок на капиталот.

Секој нареден Партнер во Колокациската Просторија треба да го подмири прво својот дел од Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација кон првиот Партнер. Првиот Партнер, за извршеното плаќање, на секој нареден Партнер му издава потврда за плаќање на Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација. Македонски Телеком АД ќе го изврши примо-предавањето на Колокациската Просторија само по добивање на потврда од страна на секој нареден Партнер за извршено плаќање на еднократниот надоместок.

## 2.2 Месечни Надоместоци

### 2.2.1 Месечен Надомест За Изнајмување На Просторија

Месечен Надомест За Изнајмување На Просторија претставува надомест пресметан врз основа на квадратни метри зафатени од страна на Колокациската Единица На Страната Барател и пропорционалниот заеднички простор во Колокациската Просторија, одреден со проценка од страна на независен проценител на недвижнини кој е прифатен од страна на Македонски Телеком АД и Страната Барател. Трошоците за вршење на проценката од страна на независен проценител ги сноси Страната Барател.

### 2.2.2 Месечен Надомест За Управување И Одржување

Месечниот Надомест За Управување И Одржување ги вклучува комуналните трошоци и трошоците за активности за поддршка, по Колокациска Просторија. Месечниот Надомест За Управување И Одржување не ги вклучува трошоците за потрошувачка на електрична енергија на технолошката опрема.
Висината на Месечниот Надомест За Управување И Одржување зависи од следниве услови:

**2.2.2.1** Колокациска Просторија веќе опремена со климатизација

**2.2.2.2** Колокациска Просторија без климатизација

### 2.2.3 Надомест За Потрошувачка На Електрична Енергија

Надоместот За Потрошувачка На Електрична Енергија ги вклучува трошоците за потрошувачка на електрична енергија на технолошката опрема врз основа на потрошената количина, измерена со индивидуални електрични броила, и пресметана по цената на Јавното Електростопанско Претпријатие.

### 2.2.4 Месечен Надомест За Контрола На Влез/Безбедносен Систем

Месечниот Надомест За Контрола На Влез/Безбедносен Систем ги вклучува трошоците за безбедност и противпожарна заштита по Колокациска Просторија.

| | **Услуга За Близок Телефонски Интерконекциски Линк** | |
|---|---|---|
| **2.1** | **Еднократни Надоместоци** | **МКД** |
| 2.1.1 | Еднократен Надомест За Прелиминарен Преглед На Колокација | 1.759 |
| 2.1.2 | Еднократен Надомест За Детален Преглед На Колокација | 10.100 |
| 2.1.3 | Еднократен Надомест За Рам За Опрема За Пренос | По фактура |
| 2.1.4 | Еднократен Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација | По фактура |
| 2.1.5 | Еднократен Надомест За Инсталирање На Колокација | По проценка |
| **2.2** | **Месечни Надоместоци** | **МКД/месец** |
| 2.2.1 | Месечен Надомест За Изнајмување На Просторија | По проценка |
| 2.2.2 | Месечен Надомест За Управување И Одржување | |
| 2.2.2.1 | Месечен Надомест За Управување И Одржување, за Колокациска Просторија веќе опремена со климатизација | 2.374 |
| 2.2.2.2 | Месечен Надомест За Управување И Одржување, без климатизација | 1.265 |
| 2.2.3 | Надомест За Потрошувачка На Електрична Енергија | По фактура |
| 2.2.4 | Месечен Надомест За Контрола На Влез/Безбедносен Систем | 1.080 |

## 3. Надомест За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција

## 3.1 Еднократни Надоместоци

### 3.1.1 Еднократен Надомест За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција

Еднократниот Надомест За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција ги вклучува трошоците за истражувања помеѓу засегнатата Интерконекциска Централа на Македонски Телеком АД и засегнатата Интерконекциска Централа на Страната Барател.

| | **Надоместоци За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција** | |
|---|---|---|
| **3.1** | **Еднократни Надоместоци** | **МКД** |
| 3.1.1 | Еднократен Надомест За Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција | 180.395 |

## 4. Надоместоци применливи за Основни Услуги За Сообраќај

Надоместоците за Услуги За Оригинирање На Повик и Услуги За Терминирање На Повик ја вклучуваат Тарифата За Користење (4.1). Надоместоците за Основните Услуги За Сообраќај не ги вклучуваат трошоците за инсталирање на коло за поништување на ехо.

### 4.1 Тарифа За Користење

Тарифата За Користење ги вклучува трошоците за Услугите За Оригинирање На Повик и/или Услугите За Терминирање На Повик кои ги користи Страната Барател. Тарифата За Користење варира според Основните Услуги За Сообраќај и периодот во денот. Тарифата За Користење на Услугите За Локално Оригинирање На Повик и Регионално Оригинирање На Повик ги вклучува трошоците поврзани со користење на Услугата За Избор На Оператор. За секој Остварен Повик Страната Барател ќе ги исплати на Давателот На Услуги надоместоците применливи на зоните дефинирани во Прилог 2.А (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД).
Тарифите За Користење се поделени во согласност со периодот од денот на следниот начин:

**а)** период со нормална тарифа (од 08.00 часот до 20.00 часот);

**б)** период со ефтина тарифа (од 20.00 часот до 08.00 часот);

| | **Основни Услуги За Сообраќај** | **Надомест по минута сообраќај** | |
|---|---|---|---|
| | | **Период со нормална тарифа** | **Период со ефтина тарифа** |
| | | **МКД/минута** | **МКД/минута** |
| 4.1.1 | Услуга За Локално Оригинирање На Повик | 0,43 | 0,29 |
| 4.1.2 | Услуга За Регионално Оригинирање На Повик | 0,63 | 0,42 |
| 4.1.3 | Услуга За Локално Терминирање На Повик | 0,43 | 0,29 |
| 4.1.4 | Услуга За Регионално Терминирање На Повик | 0,63 | 0,42 |
| 4.1.5 | Услуга За Национално Терминирање На Повик | 0,88 | 0,58 |

## 5. Надоместоци применливи за Услугите За Поддршка

### 5.1 Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Национален Оператор

Надоместот За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Национален Оператор ги вклучува трошоците за пристап до Услугите Со Посредување На Национален Оператор достапни на рутирачкиот број 182 и трошоците за воспоставување на Повик за обезбедување на услуги со

посредување на оператор.

| | **Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Национален Оператор** | **Надомест По Повик МКД/Повик** |
|---|---|---|
| 5.1 | Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Национален Оператор | 34 |

### 5.2 Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Меѓународен Оператор

Надоместот За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Меѓународен Оператор ги вклучува трошоците за пристап до Услугите Со Посредување На Меѓународен Оператор достапни на бројот за рутирање 182 и трошоците за воспоставување на Повик за обезбедувањето на услугите со посредување на оператор.

| | **Надомест За Користење На Услуга За Пристап Со Посредување На Меѓународен Оператор** | **Надомест По Повик МКД/Повик** |
|---|---|---|
| 5.2 | Надомест За Користење На Услуга Со Посредување На Меѓународен Оператор | 78 |

### 5.3 Тарифа За Користење На Услуга За Пристап На Итен Повик

Тарифата За Користење На Услуга За Пристап На Итен Повик ги вклучува трошоците за пренасочување на Повиците до станицата која го прима итниот повик.

| | **Тарифа За Користење На Услуга За Пристап До Итен Повик** | **Тарифа За Користење МКД/минута** |
|---|---|---|
| 5.3 | Тарифа За Користење На Услуга За Пристап До Итен Повик | 0,83 |

### 5.4 Надомест За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации

Надоместот За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации ги вклучува трошоците за Услугата За Пристап До Службата За Информации достапна на рутирачкиот број 188. Надоместот За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации се плаќа врз основа на повик.

| | **Надомест За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации** | **Надомест За Користење МКД/Повик** |
|---|---|---|
| 5.4 | Надомест За Користење На Услуга За Пристап До Службата За Информации | 1,10 |

## 6. Надоместоци применливи за пакет Дополнителни Услуги

Пакетот Дополнителни Услуги ги вклучува следниве услуги:

**а)** Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија;
**б)** Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија;
**в)** Услуга За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик.

### 6.1 Еднократни Надоместоци

#### 6.1.1 Еднократен Надомест За Пакет Дополнителни Услуги

Еднократниот Надомест За Пакет Дополнителни Услуги ги вклучува трошоците за активирање на Пакетот Дополнителни Услуги.

### 6.2 Месечни Надоместоци

### 6.2.1 Месечен Надомест За Пакетот Дополнителни Услуги

Месечниот Надомест За Пакетот Дополнителни Услуги ги вклучува трошоците за работење и одржување на пакетот Дополнителни Услуги.

| | **Пакет Дополнителни Услуги** | |
|---|---|---|
| **6.1** | **Еднократни Надоместоци** | **МКД** |
| 6.1.1 | Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија + Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија + Услуга За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик | 1.429 |
| **6.2** | **Месечни Надоместоци** | **МКД/месец** |
| 6.2.1 | Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикувачка Линија + Услуга За Претставување/Рестрикција На Претставување На Идентификација На Повикана Линија + Услуга За Пренос На Параметри На Пренасочен Повик | 1.707 |

## 7. Надоместоци применливи за Услугата За Поставување На Код За Избор на Оператор и Услуга За Поставување На Предизбран Оператор

### 7.1 Еднократни Надоместоци

### 7.1.1 Еднократен Надомест За Инсталирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор

Еднократниот Надомест За Инсталирање на Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор ги вклучува трошоците за поставување на достапноста на Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик и Предизбор На Оператор во централите.

### 7.1.2 Еднократен Надомест За Тестирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор

Еднократниот Надомест За Тестирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор ги вклучува трошоците за тестирање на поставената достапност на Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик и Предизбор На Оператор во централите.

### 7.1.3 Еднократен Надомест По Конекција За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор

Еднократниот Надомест По Конекција За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор ги вклучува трошоците за поставување на рутирање на сообраќај неопходно за користење на Услуга За Поставување На Предизбран Оператор за секоја конекција. Под една конекција се подразбира:

**а)** аналогна линија на Претплатничка Пристапна Точка со 1 (една) бакарна парица;
**б)** ISDN BRI на Претплатничка Пристапна Точка со 1 (една) бакарна парица;
**в)** ISDN PRI на Претплатничка Пристапна Точка со 2 (две) бакарни парици.

### 7.1.4. Еднократен Надомест За Испитување На Нарачка За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор

Еднократниот Надомест За Испитување На Нарачка За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор ги вклучува трошоците за испитување на нарачката поврзана со Барањето За Поставување на Предизбран Оператор. Овој надомест ќе се плаќа во случај да не се исполни Барањето За Поставување На Предизбран Оператор.

### 7.2 Месечни Надоместоци

### 7.2.1 Месечен Надомест За Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор

Месечниот Надомест За Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор ги вклучува трошоците за одржување, работење и услуги за поддршка на Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор.

| | **Услуга за Поставување На Код За Избор На Оператор и Услуга За Поставување На Предизбран Оператор** | **МКД** |
|---|---|---|
| **7.1** | **Еднократни Надоместоци** | |
| 7.1.1 | Еднократен Надомест За Инсталирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор | 111.519 |
| 7.1.2 | Еднократен Надомест За Тестирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор | 112.196 |
| 7.1.3 | Еднократен Надомест По Конекција За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор | 1.902 |
| 7.1.4. | Еднократен Надомест За Испитување На Нарачка За Услуга За Поставување На Предизбран Оператор | 1.215 |
| **7.2** | **Месечни Надоместоци** | **МКД/месец** |
| 7.2.1 | Месечен Надомест За Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор | 114.916 |